Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија

Општина Дојран

---

# ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН



ШТИП, 2012

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА ТРИБИНА
## одржана на 20 април 2012 година во Дојран

**Издавач:**
***Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип***
***Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија***

**Покровител:**
***Г-дин Глигор Чабулев,***
**Градоначалник на Општина Дојран**

***За издавачот*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***Декан на ФТБЛ - Гевгелија***

***Редакција*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***претседател***
**доц.д-р Никола В. Димитров,** ***Одговорен уредик***
**Доц.д-р Дејан Методијески,** ***технички секретар***
**д-р. Тања Ангелкова,** ***технички секретар***
**Доц.д-р Билјана Петревска,** ***член***
**Данче Гавриловска - Атанасовска,** ***јазична редакција***

**Организационен одбор:**
Доц. д-р Нако Ташков, Декан, *претседател*
Доц. д-р Никола В. Димитров, продекан, *секретар*
Доц. д-р Златко Јаковлев
Доц. д-р Цане Котески
Доц. д-р Билјана Петревска
Доц. д-р Елизабета Митрева
Доц. д-р Драшко Атанасоски
Магдалена Кречева, Општина Дојран
Андреј Ангеловски, Општина Дојран

**Секретаријат:**
М-р Тања Ангелкова,
М-р Дејан Методијески,
М-р Душица Санева,
М-р Татјана Џалева,
М-р Наташа Колевска,
М-р Оливер Филипоски,
М-р Душко Јошески,
М-р Снежана Дагалева,
М-р Владимир Китанов
М-р Зоран Темелков,
М-р Анета Стојанова

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕДГОВОР**...........................................................................................................7

**ПРОФ. Д-Р БЛАГОЈА МАРКОСКИ**

ДОЈРАНСКА КОТЛИНА...........................................................................................9

**ПРОФ. Д-Р МАРИЈА АЦКОВСКА, ДОЦ. Д-Р НЕДА ПЕТРОВСКА**

ПОТЕНЦИЈАНИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН...15

ПРОФ. Д-Р **ГОРДАНА ПАНОВА**

ЛЕКОВИТОСТА НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО...........................................................21

**ПРОФ. Д-Р РИСТЕ ТЕМЈАНОВСКИ**

ПОДОБРУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТИРА ВО РЕГИОНОТ НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОИНТЕНЗИВЕН ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ.............................................27

**ДОЦ. Д-Р РУБИН ЗЕМОН**

ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА АНТРОПОЛШКИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН КАКО МОЖНОСТ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ.....................................................................39

**ДОЦ. Д-Р ВИОЛЕТА МАЏОВА**

СРЕДСТВАТА НА ИПАРД ВО ФУНКЦИЈА НА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАН...................................................................................................53

**ДОЦ. Д-Р МАРГАРИТА МАТЛИЕВСКА**

ОСВРТ НА ПРОЕКТОТ „СПАС НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО“................................................65

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Тања Ангелкова, м-р Татјана Џалева**

Плажите во функција за зголемување на туристичкиот промет во Општина Дојран..........75

**Доц. д-р Никола В. Димитров, м-р Душко Јошески**

Основни социо-економски параметри за унапредување на туризмот во Општина Дојран..........81

**Доц. д-р Дејан Илиев**

Со развојот на риболовниот туризам до продолжување на туристичката сезона на Дојранското Езеро..........93

**Доц. д-р Билјана Петревска**

Предвидување на туристичката побарувачка во Дојранскиот регион.........101

**Доц. д–р Елизабета Митрева, м-р Оливер Филипоски**

Примена на стратегии на TQM (total quality management) во унапредување на квалитетот на услугите во туризмот..........113

**Доц. д-р Златко Јаковлев, м-р Влатко Пачешкоски**

Програмирање на спортско-рекреативната анимација во Дојранскиот регион..........125

**Доц. д-р Цане Котески, М-р Владимир Китанов**

Структура на патната мрежа и нејзиното влијание врз развојот на туризмот во Општина Дојран..........137

**Д-р Марија Магдинчева – Шопова**

Улогата на малите претпријатија во развојот на туризмот во Дојранскиот регион..........147

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Владан Андоновиќ, Доц. д-р Дејан Методијески, Илија Лазаревски**

Имплементација на информационо управувачки систем за Општина Дојран....155

**Доц. д-р Никола В. Димитров**,

Од идеја до реализација (ККК – „ПОЛИН“ – Полифункционална содржина на туризмот во Општина Дојран)....161

**Доц. д-р Драшко Атанасоски**

Влијанието на сообраќајната поврзаност за раст на туризмот во Дојранскиот регион....171

**М-р Ленче Насев**

Културните и музичките манифестации како значаен фактор за развој на туризмот во градот Дојран....185

**М-р Душица Санева, М-р Снежана Бардарова, М-р Горан Антониевски**

Гастрономската понуда како фактор за развој на туризмот во Дојран....191

**М-р Наташа Колевска, Јулија Наковска**

Потенцијали за развој на екохотели во Дојран....197

**М-р Кристина ковачевиќ**

Бизнис етиката во функција на долгорочен развој на туризмот во Дојран...209

**М-р Ванѓа Димитриева – Кузамноска**

Секојдневното користење на традиционалните носии во угостителските објекти како една развојна точка за усовршување на туризмот во Дојранскиот регион......................................................................................................................219

**М-р Марина Радосављевиќ-Бојчева, М-р Зоран Темелков, М-р Костадинка Чабулева**

ИПА Фондови: Можности и перспективи за развој на туризмот во Дојранскиот регион......................................................................................................................225

**Бранко Бизоев**

Дестинациската менаџмент компанија како можност за поголема афирмација на културните и гастрономски вредности на Дојранскиот регион......................................................................................................................233

**Тихомир Ручкоманов**

Дојранска бартер берза..........................................................................................245

**Петранка Чалков**

Рибарството и аквакултурата во Дојранскиот регион.....................................253

**Ефтимова Елизабета, Дукова Маја**

Алтернативни форми на туризмот во Дојранскиот регион.............................261

**ЗАКЛУЧОЦИ** ……………………………………………………………………...269

# ПРЕДГОВОР

Организаторите и реализаторите на Научно-стручната трибина „Туризмот во дојранскиот регион“ одржана на 20. април 2012 година во Стар Дојран, ја исполнија дадена обврската дадена на почетокот, а тоа е издавање на Зборник на трудови.

Со успешно менаџирање, Редакцијата на Зборникот, на стручната и пошироката јавност им ги претставува сите 28 трудови презентирани на трибината.

Дојранскиот регион е еден од најразвиените туристички простори во источниот дел од Република Македонија кој дава, но и може да даде уште многу разновидни туристички услуги и производи.

Се надеваме, идеите изнесени во Зборникот ќе претставуваат добра основа за изработка на Стратегија за развој на туризмот во Дојранскиот регион и имплементација на истата.

Редакцијата, на сите субјекти им се заблагодарува за добронамерните сугестии и помош околу издавањето на Зборникот.

***Редакција***

**Проф.д-р Марија АЦКОВСКА**[2]
**Доц. д-р Неда ПЕТРОСКА- АНГЕЛОВСКА**[3]

# ПОТЕНЦИЈАЛНИ ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН

Финансирањето на развојот на туризмот во Дојранскиот регион може да произлезе од различни извори. Имено, на креаторите и носителите на развојната политика на регионот им стојат на располагање голем број на извори од јавен и приватен каркатер кои можат да се искористат во туристичкиот развој.

Дојранскиот регион покрај останатите потенцијали, располага со исклучителни фактори за развој на туризмот. Општина Дојран како туристички лидер во регионот, расположливите извори за финансирање на развојот во голема мерка ги насочиува во туризмот, кој како пропулзивен сектор на економијата може да биде носечки столб на интегрираниот локален развој.Оттука, за општината и идниот туристички развој неопходно е реалното идентификување на сите можни сопствени и туѓи извори на средства за директно или индиректно финансирање туристичкиот развој, но и умешност во нивното изнаоѓање и ставње во функција на туризмот.

## 1. Буџет на Владата на Републка Македонија

Кога зборуваме за туризмот, без оглед на тоа за која селективна форма се работи, како еден од позначајните извори за неговата подршка е буџетот на централната власт. Овој буџет може да го подржи туристичкиот развој на директен или индиректен начин преку конкретните владини програми. Владата на Република Македонија има изготвѕа среднорочни програми, како што е и програмата за периодот 2006-2010 година, која служи како основа за планираните годишни програми/активности и буџетирања. Во спомнатата владина програма, развојот на туризмот е доста високо ценет. Во спомнатата програма[4] меѓу другото пишува:

[2]Д-р Марија Ацковска, вонреден професор, УКИМ, Економски институт, Пролет бр. 1; marija@ek-inst.ukim.edu.mk
[3]Д-р. Неда Петроска Ангеловска, доцент, УКИМ, Економски институт, Пролет бр.1,; neda@ek-inst.ukim.edu.mk
[4]Програма за работа на Владата на Република Македонија за периодот 2006-2012, стр. 35

"Македонија има голем потенциал за развој на туризмот, кој е малку искористен. Во текот на овој период, владата ќе превземе низа мерики за потикнување на туристичкиот потенцијал во Македонија". Според ова програма напорите на владата за развој на туризмот, вклучувајќи го и руралниот туризам, ќе се основат на следните мерки:

- Постојана и силна медиумска кампања на повеќе светски медиуми, телевизии и весници. Вреди да се спомне деке Владата на Република Македноја има потрошено доста средства за рекламирање на Македонија како туристичка дестинација во некои светски медиуми, кака на пример туристичките спотовите во познатата светска телевијзија CNN;
- Изработка на промотивен материал како и привлекување на странски компании за да инвестират во Македонија, привлекување на странски тур-оператори кои ќе носат туристи, како и посебен акцент на владината програма и се дава на промоцијата на селскиот туризам, манастирскиот, винскиот како и на бањскиот туризам. Една од владините мерки во овој контекст е и проектот Македонско Село како национална турисстичка атракција, која е предвидена во владината програма 2006-2010 година. Може да се каже дека гореспомнатите активности се во склоп на развојот на руралноит туризам, и како што може да се приметува изворот од централната власт е доста значаен за перспективата на развојот на руралниот туризам во Макеодонија.

Според буџетот на Република Македонија за 2010 година[5], владините програми изнесуваат 18,182,460,000 денари (околу 300 милиони евра). Меѓу овие владини програми е и програмата за економскиот развој, каде спаѓа и туризмот. Програмата за економски развој во буџетот за 2010 година изнесува околу 1,484,338,000 денари (околу 24 милиони евра). Дополнително на горенаведената програма, ја има и една помала програма наречена програма за намалување на сиромаштијата (200,000,000 денари, околу 3.2 милиони евра) која има за цел да ги подобри условите во неразвиените подрачја. Подпрограмите за намалување на сиромаштијата меѓу другото предвидуваат поттикнување на вработувањето во тие неразвиени подрачја, ревитализација на селата и ткн.

Освен овие програми, вреди да се спомнат уште две други буџетирани програми, од кои руралниот туризам може да извлече средства според централниот буџет на државата. Тие се владината програмата за

[5]Буџетот на Република Македонија за 2010 година стр.15

регионален развој која за 2010 е буџетирана на 248,800,000 денари ( околу 4 милиони евра), или пак програмата за Интеграција во ЕУ буџетирана со 204,974, 000 (околу 3.3 милиони евра), која има за цел подршката на ИПА програмата, која ќе ја елабориране подетално во рамките на третиот дел од ова поглавје.

**2. Буџет на Локалната Самоуправа**

Друг извор кој може да оди во прилог на туристичкиот развој на регионално и локално ниво, се и буџетите на локалните самоуправи. Според децетрализираната власт од 2002 година, општините се носители за локалниот економски развој, и во склоп на овие развојни активности влегува и туризмот. Кога се зборува за општините во земјава, вреди да се спомне дека нивните буџети се разликуваат меѓусебно, а најголемата разлика е помеѓу руралните и урбаните општини од кои првите имаат многу скромен буџет во споредба со другите. Но без оглед на нивната големина, може слободно да се каже дека општинските буџети служат како клучен извор за подршка на туристичкиот развој, особено доколку туризмот е идентификуван како еден од развојните приоритети на општината како што е случај со општина Дојран.

Исто така, треба да се спомне дека траесферите на буџетските средства од централната кон локалната власт се предвидените во владината програмата за децентрализација, која е најголема и претставува 72% од сите вкупно владини програми за 2010 година, а со што се трансферираат средства до буџетите на локалните самоурпави во износ од 12, 894,707,000 денари (209 милиони евра)[6].

Средтсвата како трансфери од централниот буџет, како и приходите од општините реализирани преку другите локални такси, ги прават општините клучен играч за локален еконмски развој, каде спаѓа и туризмот.

**3. Извори од приватниот сектор**

Приватниот сектор исто така претставува еден значаен извор во развојот на туризмот во сите земји, вклучувајќи ја и нашата земја. Овие извори можат да бидат од домашни или странски инвеститори.исто така треба да се напомене дека во услови на пазарно стопанство и релативно здрава економија, изворите од приватниот сектор се најзначајни кога станува збор за туристички инвестиции. За жал поради ниската акумулативна способност на реалниот туристички сектор, се обезбедува

[6]Буџетот на Република Македонија за 2010 година стр.15

само простата репродукција, додека многу малку се инвестира во унапредување на бизнисот, а со тоа и индиректно во туристичкиот развој.

Кога зборуваме за инвестициие, треба да се спомнат и странските директни инвестиции кои за жал не се многу големи во Македонија. Имено,Македонија ги почуствуваше исто така симптомите на финанциската криза во 2009 година. Според официалните статистички податоци, во 2009 год се сметаат околу 250 мил Евра странски инвестиции во земјата, кој е доста мал износ во споредба со земјите од соседтството и оттука сосема логично е скромната дистрибуција на локално ниво. Надежите за поминување на светската финансиска криза во наредните години, ни дава за право да очекуваме подобрување на странските и домашните инвестиции во земјата.

Освен директните инвеститори било странски или домашни за развој на туризмот, во овој контекст вреди да се спомнат и комерциалните банки кои нудат развојни кредити за бизнис секторот. Неколку од банките како на пример Про-кредит Банка, нудат посебни кредитни линии за руралните средини, каде и руралниоткаде спаѓа туризам. Поволните кредитни ставки може да се третират како доста значаен извор од страна на приватните сопственици кои се стремаат да инвестираат во туризмот во Македонија воопшто и посебно во дојранскиот регион и општина Дојран.

## 4. Извори од донатори

Странските донатори во Македонија претставуваат значаен извор за реализација на многу проекти вклучувајќи ги и пројектите од областа на туризмот. Најголемите билатерални донатори во Македонија според една публикација[7] се Австрија, Германија, Јапонија, Италија, Холандија, Норвешка, Шведска, Швајцарија, Велика Британија, САД, како и некои други земји кои се претставуваат како помали донатори како што се Франција, Грција, Шпанија или Кина. Од друга страна, најзначајни мултилатерални донатори се Европската Унија, OSCE, Агенциите на Обединетите Нации како UNDP, UNICEF, или пак Светската Банка, која може да биде има двојна улога (донатор и кретидтор). Вкупните странски донации во Макеоднија до 2005 год, изнесувале 337 милиони евра во различни имплементирани проекти[8], што е доста значајна бројка за Македонија.

[7]Донатори во Република Македонија, 2005, стр.3
[8]Donor assistance related to the process of decentralization and local development in the Republic of Macedonia, 2005 , p.66

Странските донатори можат да ги подржат директно институциите или организациите во спреведување на проектите од сферата на туристичкиот развој, или тие можат да ги имплементират самостојно проектите преку нивните проектни единици. За жал нема некој посебен податок кој се укажува колку од странските донации или грантови одат за развојот на туризмот во Дојранскиот регион. Меѓутоа, треба да се има во предвид дека од година во година, странските донатори се повлекуваат од Македонија, како резултат на подобрувањето на социо-економскта клима во нашата земја. Земјите што се поблиску до зачленувањето на Европскта унија, како што е Македонија, се сметат како доста напредни во споредба со земјите кои се многу посиромашни. Затоа, странските донации и грантови за развој повеќе се фокусират во најмалку развиените земји како што се на пример земјите од Африка, кои добиваат најмногу донации од развиените земји.

Оттука, може да се констатира дека издашноста на овој потенцијален извор за финансирање на туристичкиот развој во Македонија воопшто и посебно во Дојранскиот регион постепено се намалува.

**5. Извори од граѓанскиот сектор**

Како друг извор за финансирање на туристичкиот развој може да се идентификуваи граѓанскиот сектор во земјава и посебно организираните форми на граѓани кои дејствуваат во дојранскиот регион и чии активности директно или индиректно се насочени кон унапредување на туризмот. Имено, иако овој сектор посредува при имплементација на конкретните проекти за развој на одделни селективни форми туризам, може да се смета дека во одредени случаи граѓанските невладини организации претставуваат еден значаен фактор во развојот на туризмот. Граѓанскиот сектор, можат да ја сочинуваат организациите од земјата како и од странството. Во овој контекст вреди да се спомнат неколкуте невладини организации кои се активни во земјава како на пример СНВ, UCODEP, МЦМС, или други слични организации. Овој сегмент како извор за инвестирање, вклучувајќи го и туризмот, не е толку обемен во споредна со горенаведените извори. Меѓутоа, значењето на овој сектор се смета и во претставувањето на интересите на пошироката јавност, кој и со помалку средства може да постигне голем импакт во развојот на туристичките средини.

***

Финансирањето на развојот на туризмот во Дојранскиот регион може да произлезе од различни извори. Имено, на креаторите и носителите на развојната политика на регионот им стојат на располагање голем број на

извори од јавен и приватен каркатер кои можат да се искористат во туристичкиот развој.

Имајќи предвид дека дојранскиот регион покрај останатите потенцијали располага со исклучителни фактори за развој на туризмот, сосема логично е дека локалните власти кои гравитираат кон Дојранскиот регион, вклучително со општина Дојран како туристички лидер во регионот, расположливите извори за финансирање на развојот во голема мерка ќе ги насочи во туризмот. Туризмот како пропулзивен сектор на економијата може да биде носечки столб на интегрираниот локален развој. Голем дел од потенцијалните извори кои им стојат на располагање на локалните власти не се исклучиво туристички ориентирани, туку тие на индиректен начин го поддржуваат туристичкиот развој.

Главни потенцијални извори за финансирање на туристичкиот развој во општина Дојран се јавните инвестиции финансирани од буџетите на централната и локалната власт, приватниот сектор, фондовите на ЕУ и другите донатори и странски развојни агенции. Имајќи ги предвид скромните средства на локалниот буџет, слободно може да се каже дека постојните инвестиции во туристичкиот сектор се поголеми од можностите на општината. Оттука, финансирањето на понатамошниот развој на туризмот во Дојранскиот регион треба да се бара во туѓи извори, особено од Европските фондови и другите донатори, но воедно треба да се работи на подигнување на капацитетите на општината успешно да аплицираат и да ги користат средствата од овие извори.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1) Ацковска Марија (2009): Туризмот и економскиот развој на Република Македонија, ЕИС, Скопје
2) Буџет на Република Македонија за 2010 година
3) EU (2009): Summary Eurofunding Guide, European Union funds, EU, Brussels
4) EC (2010): Entrepreneurship and Innovation Programme (EIP), Working Programme 2010, Brussels
5) EC, 2006 Official Journal of the European Union, DECISION No 1982/2006/EC OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 18 December 2006
6) МЛС (2005) Donor assistance related to the process of decentralization and local development in the Republic of Macedonia,
7) Програма за користење на средствата од инструментот за претпристапна помош за рурален развој од ЕУ (ИПАРД) за периодот 2007 – 2013 година (СВ на РМ брј 83, од 03.07.2009 година)
8) Програма за работа на Владата на Република Македонија за периодот 2006-2012.
9) СЕП (2009): Програми на Заедницата, Секретаријат за европски прашања, Скопје